# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **05.03.2014 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 2 – 2014 год.**

Март 2014

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Завршна сметка на општина Македонски Брод за 2013 година**

Се објавува **Завршната сметка на општина Македонски Брод за 2013 година,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишната Завршната сметка за 2013 година на општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод ја донесе Годишната **Завршна сметка за 2013 година на општина Македонски Брод,**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200/3**
**28.02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 7 од Законот за локална самоуправа (“ Службен весник на Р.М” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на ЕЛС Мак.Брод бр.2/03), Советот на ЕЛС Мак.Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година донесе:

# ЗАВРШНА СМЕТКА
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
# ЗА 2013 ГОДИНА

## Член 1

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2013 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **269.758.882,00 денари** | **114.009.602,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 17.184.600,00 денари | 11.399.827,00 денари |
| Неданочни приходи | 4.101.070,00 денари | 1.714.837,00 денари |
| Капитални приходи | 48.089.110,00 денари | 5.947.891,00 денари |
| Трансфери | 25.326.450,00 денари | 24.575.636,00 денари |
| Дотации | 64.342.112,00 денари | 62.985.153,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 7.459.300,00 денари | 4.573.758,00 денари |
| Донации | 103.256.240,00 денари | 2.812.500,00 денари |
| Пренесено салдо од 2012 година | | **3.325.033,00 денари** |

**-Вкупно расходи 269.758.882,00 денари 114.273.490,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 269.508.882,00 денари | 114.273.490,00 денари |
| Резерви | 250.000,00 денари | |

**-Салдо на 31.12.2013 година 3.061.145,00 денари**

## Член 2

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основнот буџет во износ од **2.642.823,00 денари** се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на ЕЛС Мак,Брод за 2013 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од **306.869,00 денари** се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот нанаменски дотации на ЕЛС Мак,Брод за 2013 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од **111.453,00 денари** се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот насамофинансирачки активности на ЕЛС Мак,Брод за 2013 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови ,односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Македонски Брод за 2013 година и во Посебниот дел по програми ,подпрограми ,сметки и потставки и основни намени по економска класификација и тоа:

Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Македонски Брод за 2013 година се прикажуваат расходите по програми ,по сметки и ставки и потставки.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Македонски Брод за 2013 година се објавува во Службениот гласник на општината Македонски Брод.

**Број 07- 200/3**
**28 02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на финансиски извештај на општина Македонски Брод за 2013 година**

1.Советот на општина Македонски Брод го усвои **Финансискиот извештај за 2013 година.**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200/3**
**28.02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишен извештај за користење на средствата од резервите за 2013 година на општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод го усвои **годишниот извештај за користење на средствата од резервите за 2013 година.**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200/3**
**28.02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за донесување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Македонски Брод од сите ризици и опасности**

Се објавува **Одлуката за донесување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Македонски Брод од сите ризици и опасности,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 5, став 2 и 3 од Законот за управување со кризи (Сл.Весник бр.29/05,13/11) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 28 Февруар 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ПРОЦЕНА на загрозеност на подрачјето на Општина Македонски Брод од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Се донесе Процената на загрозеност на подрачјето на општина Македонски Брод од сите ризици и опасности.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Процената на загрозеност на подрачјето на општина Македонски Брод од сите ризици и опасности.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07 – 200/ 4**
**28. 02. 2014 год**
**Македонски Брод**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Македонски Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За објавување на Одлуката за изработка на Урбанистички план вон населено место „Селиште“ м.в. „Голема Плешка“ за КО Тажево**

Се објавува **Одлуката за изработка на Урбанистички план вон населено место „Селиште“ м.в. „Голема Плешка“ за КО Тажево,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.02.2014 година донесе:

# О Д Л У К А
## За изработка на Урбанистички план вон населено место „Селиште“ м.в. „Голема Плешка“ за КО Тажево

1.Се донесува Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место (УПВНМ)-А-4 времено сместување-викенд зона-„Селиште“ на м.в.„Голема Плешка“ КО Тажево.Во опфатот ќе влези дел КП бр.1 заведена во ИЛ бр.1 за КО Тажево со намена :

1. -А-4 Времено сместување-викенд зона
1. -Е-13 Електроенергетски објекти ТС 10(20)/0,4

2.Урбанистички план вон населено место согласно член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) се донесува по потреба за плански опфат за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот какао и услови за градење на градби вон градот и другите населени места.

Овој УПВНМ ќе се изработува за легализација на бесправно изградени објекти во сопственост на ЈП„Јасен“-Скопје, врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно законската процедура со изработена и усвоена Планска програма.

3.Оваа Одлука е составен дел Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2014 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-954/5 од 29.11.2013 година .

4.Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објавуви во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 200 / 5**
**28. 02 .2014 година**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски.Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската Инвестициона Банка и Република Македонија**

Се објавува **Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската Инвестициона Банка и Република Македонија,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската Инвестициона Банка и Република Македонија**

**Член 1**

Општина Македонски Брод во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ кој се финансира со средства од Европската инвестициона банка, согласно Договорот за заем СЕПАРИС број 2008 – 0446 склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Република Македонија, а кој ќе се имплементира во периодот до 2016 година, ги одредува како приоритетни за реализација следните проекти:

1. Изработка на основен проект и изградба на водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на извори од место викано Песјак;
2. Изработка на основен проект и изградба на водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот Света Богородица;
3. Изградба на систем за водоснабдување на селото Црешнево;
4. Изградба на водоснабдителен проект за село Латово од регионалниот водовод „Студенчица“;
5. Подобрување на водоснабдувањето на село Крапа;
6. Реконструкција на азбестцементни цевки и изградба на нов резервоар за село Сланско (Горно маало);
7. Изградба на систем за водоснабдување на село Грешница – доградба;
8. Изградба на систем за водоснабдување на село Слатина;
9. Изградба на систем за водоснабдување на село Калуѓерец и
10. Доградба (проширување) на водовод за село Белица.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за одобрување на проекти согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во општината Македонски Брод со број 07 – 149/4 од 31.01.2011година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07 – 200/6**
**28 .02 .2014г**.

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на финансов план на ЈП„Водовод и канализација“ - Македонски Брод за 2014 година**

1.Советот на општина Македонски Брод го усвои **Финансовиот план на ЈП„Водовод и канализација“ - Македонски Брод за 2014 година.**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200/7**
**28.02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈП „Водовод и канализација" - Македонски Брод за 2013 година**

1.Советот на општина Македонски Брод го усвои **Годишниот извештај за работа на ЈП„Водовод и канализација" - Македонски Брод за 2013 година.**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 200/8**
**28.02.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за превземање на сите водоводи од селските населби на територијата на општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП „Водовод и канализација“ - Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за превземање на сите водоводи од селските населби на територијата на општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП„Водовод и канализација“ - Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 26 од Законот за води (Службен Весник на РМ бр.23/13) И член 15 став 1 точка 2 И 4 од Статутот на општина Македонски Брод И врз основа на Решението бр.13-11130 од 30.11.2013година донесено од Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за превземање на сите водоводи од селските населби на територијата на општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП»Водовод и канализација«Мак.Брод;**

1.Со оваа одлука се превземаат сите водоводи во селските населби на територијата на општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП »Водовод и канализација«Македонски Брод;

2.Сите водоводи кои што имаат одобрение за употреба на водата се задолжува ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод во рок од 2 месеца од денот на влегувањето во сила на оваа одлука да изврши прием на водоводната мрежа и на целиот водоводен систем во секое од населените места;

3.За сите водоводи по селските населби кои немаат потребна документација потребно е да се достави барање за зафаќање на вода до државниот орган надлежен за овие прашања;

4.ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод се задолжува да се грижи за исправноста на водата за пиење на сите водоводи на територијата на општина Македонски Брод кои се под негова ингеренција и за функционирањето на целиот водоводен систем посебно во секое населено место;

5.Со оваа одлука да се запознае ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод и сите Месни Заедници на населени места на територијата на општина Македонски Брод;

6.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод;

**Бр.07- 200 / 9**
**28. 02. 2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАК,БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За објавување на Планот за заштита и спасување од поплави на територијата на Општина Македонски Брод**

Се објавува **Планот за заштита и спасување од поплави на територијата на Општина Македонски Брод,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**Февруари, 2014 година**

Применета методологија :

Изработката на „План за заштита од поплави “беше извршена согласно барањата на постојната легислатива (Закон за води и Закон за заштита и спасување)
За време на елаборацијата на Планот беше применета следната
методологија:
• Со цел изработка на Планот за заштита од поплави беа елаборирани и презентирани три детални описи:
-Општи карактеристики на територијата на Општина Македонски Брод
-Проценка на загрозеност од поплави на територијата на Општина Македонски Брод
-План за заштита и спасување од поплави на територијата на Општина Македонски Брод
• Беа идентификувани и анализирани влијанијата кои произлегуваат од опасноста од настанување на поплави
• Беа разгледани сите негативни влијанија, и беше предложено за адекватно ублажување или мерки за заштита и спасување со цел намалување на опасноста од поплави

I.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

1Географска карактеристики
2.Геолошки карактеристики
3.Хидрографски карактеристики
4.Демографски карактерситики
5.Стопански карактеристики

II. ПРОЦЕНКА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

1.Места со зголемен ризик од поплави и.простирање на поплавни бранови на територијата на Општина Македонски Брод
2.Загрозеност од поплави при уривање на високи брани

III.ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

1. Прилог бр.1 Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од поплави
2. Прилог бр.2 Преглед на единиците за спасување од поплави и план и редослед за употреба
3. Прилог бр.3 Преглед на превентивни и оперативни мерки за заштита со носителите
4. Прилог бр.4 Преглед на ЕЛС- Општините и одговорните лица за ЗиС и други Државни органи, ЈП, Хуманитарни организации и др;
5. Прилог бр.5 Преглед на подрачја потенцијално загрозени од поплави и сили кои ќе учествуваат во ЗиС
6. Прилог бр.6 Редослед на активностите што ќе се превземаат
6. Прилог бр.7 Преглед на подготвување на активностите и мерките за спроведување на заштитата и спасувањето од поплави
7. Прилог бр.8 Преглед на претпријатија иматели на градежна механизација со кои Општинат има склучено договори за таа намена
8. Прилог бр.9 Преглед на претпријатијата иматели на градежна механизација
9. Прилог бр.10 Работни карти и шеми.

## I.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

1. Географски карактеристики

Територијата на Општина Македонски Брод зафаќа површина од 881 км² и се наоѓа во централниот простор на Република Македонија, сместен во средното течение на река Треска. Просторот на Општина Македонски Брод лежи на 41º39´и 21´54´ северна географска ширина и 21º11´ и 16º15´ источна географска должина.

Просторот на подрачјето Македонски Брод на географската карта се идентификува со обласа Порече која се протега на југ до планината Баба Сач и Бушева, на запад до Коњарник и Добра Вода, на север до Сува Гора и на исток до планините Караџица, Јакупица и Даутица.

Вкупната граница на Општина Македонски Брод со соседните региони изнесува 172 километри: Регион Скопје 24 км; регион Велес 25 км; регион Прилеп 25 км; регион Крушево 18 км; регион Пласница км, регион Гостивар 20 км и регион Тетово 25 км.

Просторот на Општината претставува компактна природно-географска целина која е непречено отворена кон соседните простори единствено по долината на река Треска кон Кичевската котлина. Неповолните својства на рељефот, во форма на високи планински масиви и клисурестата форма на долината на река Треска, претставува значаен

ограничувачки фактор за ефикасно сообраќајно поврзување и комуницирање со претежен дел од регионите во опкружувањето.

Кањонот на река Треска го ограничува поврзувањето со Скопската котлина на север каде што на планината Караџица се наоѓа превојот Кула, додека преку превојот Барбарас регионот е поврзан кон југоисток со Прилепско поле и Пелагонија и во североисточна насока преку превојот Пеклиште со Полог.

Со исклучок на патната врска кон Кичевската котлина и превојот Барбарас, сообраќајот преку превојот Пеклиште се одвива во значително отежнати услови, истотака преку превојот Кула, со изградбата на хидроакомулацијата „Козјак", се одвива сообраќајот кон Скопје.

2. Геолошки карактеристики

Територијата на Општина Македонски Брод според рељефните карактеристики е ридско-панинска.

Од гео-морфолошките форми се издвојуваат областите на високи и средно високи планини и длабоки долини – делови на Јакупица, Сува Гора, Добра Вода и други области на ниските делови – дното на Бродска и Кичевска котлина и алувијалната рамнина на река Треска и нејзините притоки.

Областа на високи и средновисоки планини ја сочинуваат планината Јакупица со највисок врв Солунска глава (2.539 м.н.в.) во источниот простор на Општината. Од централниот највисок дел на планината се надоврзуваат планинските била: Даутица на југ и Караџица и Сува Планина на север.

На западниот дел на Општината доминира планината Добра Вода (2.062 м.н.в.) која заедно со планината Песјак стрмно се спушта кон Треска и Мала Река.

На јужниот дел на Регионот се издигаат северните огранoци на Бушева Планина и Баба Сач на чии северни падини постои богата хидрографска мрежа.

Рељефот е дисециран и со голем број речни текови од кои е најзначајна долината на река Треска. Помеѓу населбите Ореовец и Македонски Брод долината има кањонски изглед. Карактеристични рељефни форми претставуваат преграбенските долини Барбарас и Уши како најстари рељефни форми преку кои биле меѓусебно поврзани Поречкото и Пелагониското езеро.

Типичната почва е жолто-кафената почва во високорамнинските области

и модифицираните видови на почва во рамниските области.

Површините, терасите, речните ерозивни проширувања и алувијалната рамнина на река Треска и нејзините притоки претставуваат единствени плодни површини погодни за развој на земјоделието.

Источниот простор на Општината – западните страни на планините Јакупица, Даутица, Караџица, Сува Планина

и јужните делови на планината Сува Гора претставуваат типичен карстен терен со развиени површински и подземни карсни форми и појави – шкрапи, вртачи, ували, карсни полиња и долови, пештери и пропасти.

Регистрирани се три вида пештери: суви пештери (Змејовица, Присојница и други); пештери со поранешни подземни текови (Слатинска и Ѓулкавица); пештери со плитки, широки и високи сали (Пешница и Леандра).

Карактеристична и доминантна рељефна форма претставуваат Поречките отсеци на планините Јакупица и Даутица кои се протегаат од населбите Горна Белица на северозапад до вливот на реката Пеколник и Треска.

2. Хидрографски карактеристики

Хидрографската мрежа на територијата на Општина  Македонски Брод припаѓа на сливот на река Треска која претставува алоген водотек со должина од 70 км и наклон на отекување од 6,1% и просечен проток на вода до 20,6 м$^3$/сек. Останатите водни карактеристики имаат изразити карактеристики. Подолга притока е Мала Река со должина пд 29 км. и сливна површина од 169 км$^2$.

Други поголеми реки во Регионот се: Сланштица, Пешничка река, Белешница, Требинска река, Слатинска река и други.

На подрачјето на Општина Македонски Брод регистрирани се и 115 извори со поединечна издашност над 1л/сек. Источно од река Треска регистрирани се 69, додека западно од течението на реката 46 извори.

Од вкупниот број извори 17 претставуват карсни врела кои со мал исклучок постојано имаат вода. Структурата во однос на издашноста е следна: преку 30 л/сек. имаат 8 извори; 11 – 30 л/сек. 6 извори; 4 – 10 л/сек.  16 извори; 1 – 3 л/сек. 85 извори.

Регистрирани се и два ладни минерални извора со издашност од 0,05 л/сек.

Подземните води не се истражувани подетално, така да не е регистриран нивниот распоред. Според пратењето на нивото на бунарите во алувијалниот простор на Општината, констатирано е дека нивото на подземните води осцилира така да во временски периоди со изразени врнежи, достигнува до 0,5 м.

При појава на поголеми поројни дождови водите од реките на ова подрачје често пати се излеваат од своите корита и им нанесуваат помали или поголеми штети на плодното земјиште што се наоѓа покрај течението на реките. Во тој поглед реки што причинуваат поголеми штети се: Треска, Сланштица и Мала Река.

На подрачјето на Општина Македонски Брод од 1999 година со изградба на земјена брана, формирано е вештачкото езеро „Козјак“ со акумулационен простор од 550 милиони м$^3$ вода.Акумулацијата го зафаќа просторот од месноста Козјак до река Белица. Акумулацијата е повеќенаменска: за заштита на низводниот простор од

поплави,обезбедување на вода од индустријата, наводнување на ,,Скопско поле,, и производство на енергија.

Можност за изградба на останати акумулации на сливот на р.Треска се исто така повеќе наменски со следните карактерситики:

Калуѓерица со акумулационен капацитет од 208 милиони $м^3$ или корисен капацитет од 180 милиони $м^3$ со намена за водоснабдување, производство на енергија, задршка на наноси,

Брод со акомулационен капацитет од 73 милиони $м^3$ или корисен капацитет од 3 милиони $м^3$ со намена за водоснабдување, производство на енергија, задршка на наноси, контрола на поплави и оплеменување на мали води.

3. Демографски карактеристики

Според пописот од 2002 година, вкупниот број на население во Општина Македонски Брод изнесува 7.141жители, со 2.392 домаќинства и 4.721стана (живеалишта).

Релативно големата површина на подрачјето и релативно малиот број на жители условуваат изразито мала густина на населеност од само 8,16 жители на $км^2$, според која овој простор се вбројува во групата на ретко населени подрачја во Републиката.

Ретроспективно, анализираните демографски движења упатуваат на постојано присутен процес на популациски промени насочени, пред се, кон намалување на апсолутниот број на жители. Само во периодот 1953 – 1981 година бројот на жителите е намален од 18.676 на 12.271 или за 6.407 лица (34,3%). Паралелно, учеството на подрачјето во вкупното население на Република Македонија од 1,4% во 1953 година се намалува на 0,64% во 1981 година, односно на 0,57% во 2002 година.

Основен предуслов за појавата на процесот на депопулација претставува општата неразвиеност на регионот од една страна и постоење на развиени региони во непосредното опкружување (Скопје, Тетово, Прилеп), кои условуваат појава на миграции надвор од границите на регионот.

Ваквите миграциски движења се условени и од непостоењето на развиен економски и урбан центар во регионот кој би го задржал и апсорбирал деаграризираното население.

Намалувањето на бројот на населението претставува резултат и на намалениот природен прираст кој е условен од старосната структура на населението и учеството на фертилното во вкупното население.

Во интензивна форма е присутен и процесот на внатрешните миграции (во рамките на просторот на регионот) кој, непосредно, се манифестира преку интензивната концентрација на населението во административно-функционалниот и стопански центар, градот Македонски Брод.

Процесот на репродукција на населението, посматрано преку стапката на природниот прираст намален е пред се

како реултат на намалувањето на стапката на наталитет и паралелно благо зголемување на стапката на морталитет

- Населби

На територијата на Општина Македонски Брод се наоѓаат 50 населени места и Градот Македонски Брод.

Како најголема и најурбана средина на територијата на регионот е градот Македонски Брод со 3.761 жител.

Како најголеми рурални населени места се селата Самоков со 388 жители, Суводол со 207 жители, Требино со 198 жители, Брест со 189 жители, Црешнево со 169 жители.

Во 50 населени места живеат 3.274 жители кои се претежно стари, изнемоштени и кои се недоволно способни за работа и учество во системот за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

Планиран број на жители во 2020 година е 9.500 жители на територијата на Општината, а во градот Македонски Брод е 4.100 жители.

5.Стопански карактеристики

Земјоделството е најважната економска активност во Општината Македонски Брод. Карактеристични се интензивното земјоделие (зеленчук), одгледување на житарици и производство на индустриски култури, како и овоштарство. Земјоделството е основната економска активност за населението во руралните населби. Според сопственоста на земјиштето, во најголем дел е во приватна сопственост.

Најважни се полињата и нивите, градини, додека овоштарниците се претставени на помала површина. Најчесто одгледувани земјоделски површини се со пченка, гравот, тутун.Од овошје најчесто одгледувани култури се костен, јаболко, орев, круша и др.

Одгледувањето на стока е важна економска активност на подрачјето. Козите и овците доминираат со нивното значење, а по нив следи другата стока. Козите се особено добро адаптирани во врска со сточната храна која се состои од џбунестите видови на растенија.

На територијата на Општина Македонски Брод има развиена инфраструктура претставена со добра мрежа од локални патишта кои ги поврзуваат сите населени места со градот Македонски Брод, регионалните патишта кон Прилеп и Кичево, а од особено значење е регионалниот пат Македонски Брод-Близанско-Кула-Скопје.

Воздухот, водата и почвата се сметаат за незагадени (во природните области) или средно загадени (во населбите и земјоделското земјиште).

Кај градот Македонски Брод функционира пречистителна станица за водите од река Треска. Локација, со што значително се подобрува квлитетот на водата од река Треска во понатамошниот нејзин тек.

Главните видови на земјиште во областа се шуми и шумовити предели, земјоделски области и урбани/рурални

области. Земјоделското земјиште опфаќа значителна површина во пониските делови долж реката Треска. Повеќето од земјоделското земјиште е претставено со полиња и ниви.

Шуми се застапени во голем дел од површината на територијата на Општина Македонски брод и тоа со даб, бука. бел и црн бор. габер, јавор, смрека што е добра основа за развој на дрвната индустрија.

На подрачјето егзистираат повеќе животински видови и тоа: риби, голем број на птици, дива свиња, волк, мечка, лисица, зајак, срна , елен, дива коза и друго, со што има голем потенцијал за спортски лов и риболов.

Загадувањето на воздухот е ниско на територијата на Општината, загадувањето на водата е подобрено со изградбата на прочистителната станица во Македонски Брод додека загадувањето на почвата е незначително што е главен предуслов за развој на органско производство на земјоделски култури, овоштарство како и одгледување на пчелни семејства.

Туризмот на подрачјето е стопанска гранка која во наредниот период треба особено да се развива.
Најпознати туристички места се локалитетите Девини кули, Барбарас (Барбароса), Кули Пешна, Пештера Пешна, Слатински пештери, културно-историските споменици Сарај, потоа тука е Езерото Козјак и река Треска. Планините Песјак, Бушева, Добра вода, Даутица, Краџица, Јакупица, Сува гора, се погодни за туризам, лов, риболов и рекреација.

## II. ПРОЦЕНКА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Поплавите се природни непогоди кои често пати ја зафаќаат територијата на Општина Македонски Брод. Тие настануваат како резултат на специфичностите на рељефот, топографските, орографските, геоморфолошките и климатските услови на нашето поднебје, како и нерамномерниот режим на течењето на природните водотеци.

.

### 1.Места со зголемен ризик од поплави и простирање на поплавни бранови на територијата на Општина Македонски Брод.

Просторот на Општина Македонски Брод се одликува со развиена хидрографска мрежа и располага со голем број на природни водотеци.

Најзагрозени од поплави се местата долж реката Треска и другите помали реки. Во изминатиот период регистрирани се две поголеми поплави, во 1962 и 1979 година, што ги предизвика реката Треска, како и 1989 година кога реките: Крапска, Суводолица и Сланштица, заради поројните дождови за само неколку часа предизвикаа огромни

материјални штети во градот Македонски Брод и селото Суви Дол, однесувајќи и една човечка жртва.

При поројни дождови во есенскиот период, како и при топење на снегот од високите планини во пролетниот период, доаѓа до нагло зголемување на водостојот на помалите реки во Општината, а со тоа и на реката Треска. Поради конфигурацијата на теренот, брзото течение на водите и нивното излевање, поплавите предизвикуваат мошне сериозни последици како што се, големи ерозии, наноси и нивно депонирање во пониските делови, уривање на брегови на водотеците, однесување на плодни површини и друго. Најголеми последици по течението на реките, предизвикуваат излевањата на водите од коритата при што настануваат штети во земјоделието, поплавувањето на реката Треска на просторот на градот Македонски Брод и селата Суводол, Девич, Грешница, Манастирец, Драговдол, Модриште и други. Но при поплавувањето што го вршат реката Треска и други помали реки, доаѓа до загрозување и на станбени, стопански и други објекти, (поплавата од 1989 година).

Сите природни водотеци во Регионот се сливаат во реката Треска.

Средниот водостој на реката Треска е 54 см., а во летниот период опаѓа и на ниво од 30 см. Висок водостој е до 180 см., но при појава на големи поројни дождови може да достигне ниво и до 460 см., кога се излева од своето корито и предизвикува поплави кои причинуваат штети на подрачјата на: Македонски Брод, Девич, Драговдол, Манастирец и Модриште.

Теренот по течението на реката Треска е обрастен со евлови и врбови стебла. Со зголемување на водостојот на реката пошуменоста на речните брегови не се во состојба да го спречи излевањето на водите од реката, при што доаѓа и до оштетување на стеблата и нивно паѓање во речното корито.

На територијата на Општина Македонски Брод на неколку места по течението на реката Треска има изградено одбранбени насипи кои служат за одбрана од поплавување од реката. Во градот Македонски Брод во должина од 300 метри има изградено крајбрежен заштитен бетонски ѕид во висина од 4 метри. Кај месноста „Должина“ северно од градот Македонски Брод има изградено земјен насип во висина од 2 метри. Исто така земјен насип има изградено и во месноста „Пешна“ кој заради неодржувањето е пробиен и ја има изгубено заштитната моќ.

Поплавување на одредени улици во градот Македонски Брод се врши и при поголеми поројни дождови, кога заради недоволниот прифатлив капацитет на одводните отворени и затворени канали за атмосферска вода, доаѓа до излевање на водите од каналите и поплавување на одредени улици и пониски станбени објекти во градот.

Врз основа на претходно наведеното може да се заклучи дека преземените инфраструктурни мерки и активности во однос на заштитата и спасувањето од поплави не се доволни и не обезбедуваат ефикасна заштита од поплавите кои многу често во помал или поголем обем ја зафаќаат Општина Македонски Брод.

За заштита од поплавување потребно е превземање на одредени мерки и активности за регулација на реките

Треска, Сланштица, Мала Река, Пласничка, како и други помали реки кои вршат поплавување на просторот, како што се исправување и прочистување на речните корита, изградба на насипи на чувствителните места, реновирање на обалниот одбранбен бетонски ѕид во градот Македонски Брод, регулација на речното корито на река Сланштица, од нејзиното влегување во градот Македонски Брод па до вливот во реката Треска, регулација на Мала Река, Пласничка река и други, како и изградба на попречен канал за собирање на атмосферските води на западната страна на градот Македонски Брод.

**2.Загрозеност од поплави при уривање на високи брани**

Со изградбата на браната Козјак водите на реката Треска имаат контролиран тек. Браната и хидроелектраната Козјак се лоцирани на реката Треска, на околу 25 км. низводно од нејзиното вливање во реката Вардар и на околу 16 км. низводно од ХЕ Матка, во близина на Скопје и претставува прв степен во каскадата брани и хидроелектрани на реката Треска. Со изградба на оваа брана се оформува голем акумулационен простор и како челна акумулација обезбедува регулирана вода за низводните хидроелектрани како и вода за наводнување на Скопско Поле и техничка вода за индустријата во Скопје. Една од основните намени на оваа акумулација е исто така ретензија на поплавниот бран од река Треска во време на големи води, за што во акумулацијата е обезбеден простор од 100 милиони $м^3$.

Акумулацијата е со волумен од 550 милиони $м^3$, од кои корисниот волумен е 260 милиони $м^3$. Вкупните средни годишни дотекувања изнесуваат 715,87 милиони $м^3$, додека просечниот проток е 22,70 $м^3/с$. Доводниот тунел со кружен пресек е со должина 460 м, а дијаметарот е 5,00 м. Прагот на влезниот објект поставен е на кота 420,00 м.н.в. ХЕ Козјак има камено насипна брана со глинено јадро и висина од 126,1 м. Максималното работно ниво на акумулацијата е 459,00 м.н.в. а минималното е 432,00 м.н.в. Истата се наоѓа на територијата на регионот Скопје, што значи дека треба да биде предмет за изработката на проценка за загрозеност за регионот Скопје.

На територијата на Општина Македонски Брод нема изградено други брани за вештачки акумулации кои би претставувале опасност по луѓето и материјалните добра во Општина Македонски Брод.

Ваков вид на објекти нема изградено ни на просторот во општините Пласница и Кичево, што значи дека опасност по луѓето и материјалните добра од уривање на брани нема.

## III.ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Поплавите на територијата на Регионот Македонски Брод се јавуваат мошне често, а најголеми последици предизвикуваат излевањата на водите од речните корита и отворените и затворените канали за атмосферски води во градот Македонски Брод, при што настануваат големи штети во земјоделието, станбените објекти, патниот сообраќај и другата инфраструктура.

Во Регионот Македонски Брод не постои целосно изграден систем за заштита и спасување од поплави (целосна регулација на водотеците и реките, изграденост на одбранбени насипи, целосно уредени порои) што претставува голема пречка за ефикасноста при превземањето на активностите и мерките за заштита и спасување од настанатите поплави.

Со цел елиминирање или намалување на опасностите од појава на поплави, како и успешно справување со последиците кои може да бидат предизвикани со настанување на евентуални поплави, потребно е да се превземаат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, од страна на сите субјекти во Регионот Македонски Брод, кои имаат одредени надлежности на планот за заштита и спасување од поплави и тоа како во редовни услови за работа, така и во услови на појава на поплави како природна непогода.

Превентивните и оперативните мерки за заштита од поплави опфаќаат цела низа активности и тоа:

- редовно и навремено чистење на речните корита во Регионот и каналите за атмосферски води во градот Македонски Брод;
- изградба на заштитни насипи на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести излевања на водите;
- континуирано одржување на отворените и затворените канали за собирање на атмосферска вода во градот Македонски Брод;
- редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затворачи и слично);
- поставување и опремување на метеролошки-радарско-противградобиен центар;
- заштита и спасување на луѓето, животните и материјалните добра од поплавените објекти и нивно згрижување;
- обучување, оспособување и ангажирање на републичката единица за заштита од поплави;
- формирање, пополнување, обучување, оспособување и ангажирање на просторните единици за заштита и спасување формирани во општините Македонски Брод и Пласница.

**Прилог бр.1**
**Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од поплави**

Планот за заштита и спасување од поплави се употребува веднаш по добивање на Наредбата од страна на Градоначалникот на Општина Македонски Брод за спроведување за заштита и спасување од поплави во одредено загрозено подрачје.

Со планот за заштита и спасување од поплави раководи Командантот на Просторниот штаб за заштита и спасување Македонски Брод, а во негово отсуство Началникот на штабот или друго овластено лице-ракувач со планот за заштита и спасување од поплави во случај на природни непогоди и други несреќи.

По приемот на Наредбата, Командантот на Просторниот штаб за заштита и спасување – Македонски Брод го повикува Началникот на Просторниот штаб за заштита и спасување, се запознаваат со новонастанатата ситуација и со задачите. Потоа се врши повикување – активирање на самоповикувачкиот систем со што се врши повикување на останатите членови на Просторниот штаб и останатите обврзници и моторни возила во силите за заштита и спасување. Го запознаваат помошникот на началникот на штабот за спроведување на планот за заштита и спасување од поплави со новонастанатата состојба на Подрачјето и од него се бараат конкретни предлози за спроведување на планот за заштита и спасување од поплави, заради намалување на последиците и поефикасна заштита од настанатата ситуација.

Се запознаваат сите надлежни субјекти и носители на активности за спроведување за заштита и спасување од поплави на загрозеното подрачјето со цел превземање мерки и активности за навремено и ефикасно спроведување на заштита и спасување од поплави со цел намалување и ублажување на последиците од настанатите поплави.

Се воспоставува контакт со останати субјекти од загрозеното подрачје и нивните Просторните штабови за заштита и спасување, на Подрачјето каде е настаната природната непогода или друга несреќа и се врши запознавање со настаната состојба при што им се даваат натамошни инструкции за ублажување на последиците од настанатите поплави и нивно информирање за спроведување на мерки и активности за заштита и спасување од поплави.

Се запознаваат сите субјекти и сите носители на активностите за спроведување на заштита и спасување од поплави заради превземање на конкретни мерки предвидени со овој план заради правовремено и поефикасно спроведување за заштита и спасување од поплави и намалување или ублажување на последиците од нив .

При спроведување на планот за заштита и спасување од поплави, Командантот на ПШЗС Македонски Брод е во постојан контакт со ПШЗС на Подрачното одделение за заштита и спасување Македонски Брод и врши известување за превземените мерки и активности како и добивање на инструкции за превземање на понатамошни мерки и активности со цел намалување и ублажување на последиците од настанатите поплави.

Планот за заштита и спасување од поплави е составен дел од Планот за заштита и спасување на Општина Македонски Брод и истиот се чува во касата на Командантот или Началникот на Просторниот штаб за заштита и спасување Македонски Брод.

**Прилог бр.2**
**Преглед на единиците за спасување од поплави и план и редослед за употреба**

**Прилог бр.2.1**
**Преглед на единиците за заштита и спасување од поплави**

| **Ред. бр.** | **Кој ги формира и каде** | **Јачина на единицата** | **По формација** | **Пополнето** | **Материјален состав опременост во %** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Лична опрема** | **МТС и опрема** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Општина Македонски Брод | | Одделение | | | |
| 2 | ПОЗС Македонски Брод | 14 | Одделение | 100% | добро | 100% |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Прилог 2.2 План и редослед за употреба на единиците за заштита и спасување**

| Ред. бр. | Вид или степен на поплавата | Кој интервенира |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** |
| 1. | Мал степен на поплави<br>**(Инцидент)**<br>Поплавени подруми и други објекти и | Служби за интервенција на сопственикот,или група граѓани преку системот на само заштита. |
| 2. | Поплави од помал обем<br><br>**( Случај )**<br>Кога се поплавени неколку објекти во градот или мали замјоделски површини | Итни служби:<br>-ТППЕ- Македонски Брод 193<br>-Брза помош 194<br>-Полиција -192<br>-Јавни колмунални и други претпријатија во општината<br>-Обучени граѓани преку системот на само заштита, здруженија на граѓани и сл, |
| 3. | Поплави од среден интезитет<br>**(Настан или појава** )<br>Кога се поплавени одредени делови на градот улици згради и сл. како и во другите населени места надвор од градот | Сили на општината<br>-Просторни сили за ЗиС на општината,ЈП и др.претпријатија,установи и служби, волонтери, хуманитарни организации, Подрачни сили за ЗиС при ПОЗС Македонски Брод што ги има формирано ДЗС . |
| 4. | Поплави со поголем интензитет<br>**(Несреќа)**<br>Кога се поплавени или загрозени поголеми делови од градот улици и објекти, или поголеми земјоделски површини по течението на реките,и се загрозени одредени објекти мостови, пропусти , насипи станбени ,деловни и други објекти, одрони на патишта, лизгање на земјиште и сл. | Силите и средствата на Подрачните сили за ЗиС што ги има формирано ДЗС, ЈП од државен карактер установи и служби и претпријатијата имателите на соодветна опрема и механизација а првенствено оние кои имаат склучено договор со ДЗС а по потреба и други. |

**Прилог бр.3**

**Преглед на превентивни и оперативни мерки за заштита со носителите**

| **Ред. бр.** | **Мерки и активности** | **Носители на мерките и активностите** | **Време на реализација** | **Соработува** | **Прилози** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Превентивни мерки** | | | | | |
| 1 | Определување на можните локации кои можат да бидат загрозени од поплави | Општина Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод и дрги субјекти | Благовремено кога нема појава на поплави | ПОЗС Македонски Брод, МЗШВ ПЕ Македонски Брод , ЦУК ПО Македонски Брод , МЖС,МТВ и други субјекти | Работни карти | |
| 2 | Благовремено чистење на речните корита и каналите во градската атмосферска канализација | Општина Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод и дрги субјекти | Во текот на годината кога нема опасности од појава на поплава | ПОЗС Македонски Брод,МЗШВ ПЕ Македонски Брод, месните зедници и други субјекти | | |
| 3 | При изработката на урбанистичките планови за населените места низводно по течението на реките кои се подложни на поплави да се | Општина Македонски Брод,инспекциските служби,изработу-вачите на урбанисти чките планови | Постојана активност | ПОЗС Македонски Брод,МЗШВ ПЕ Македонски Брод ,ЦУК ПО Македонски Брод,МЖС, | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Месни заедници, водостопански организации Проектански бироа,хидроте | | |
| | предвиди изградба на насипи ,ѕидови регулирање на суводоли ците и изградба на соодветна атмосферска канализација како и и забрана за изградба на било какви објекти во близина на речните корита | | работа | хнички служби и претпртијатија специјализирани за оваа проблема-тика. | | |
| 4 | Изградба и одржување на заштитните водостопански објекти-насипи на водотеците | ОпштинаМакедонски Брод, ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод и др. | Благовремено кога нема појава | ПОЗС Македонски Брод,МЗШВ ПЕ Македонски Брод ,ЦУК ПО Македонски Брод и други субјекти | | |
| 5 | Организирање и изведување на антиерозивни работи на сливовите(пошумувањ е на терените, | ОпштинаМакедонски Брод, ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод и др. | Благовремено кога нема појава | ПОЗС Македонски Брод, МЗШВ ПЕ Македонски Брод , ЦУК ПО Македонски Брод | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | изградба на прегради за спречување на поројни води) | | | и други субјекти | | |
| | **Оперативни мерки** | | | | | |
| 1 | Следење на состојбата на водотеците и навремено известување. | Општина Македонски Брод , ДЗС, РЦУК и други субјекти | При опасност од поплави од обилни дождови и нагло топење на снегови | МЗШВ ПЕ Македонски Брод , хидрометеоролош ки служби и други субјекти | | |
| **2** | Известување на населението за опасностите | Општина Македонски Брод , РЦУК, ДЗС, медиуми | Пред појавата и за време на траењето на опасноста | МЗШВ ПЕ Македонски Брод ,хидрометеоролош ки служби и други субјекти | | |
| 3 | Мобилизација на силите за заштита и спасување и нивна употреба според стандардните оперативни процедури | Општина Македонски Брод ,ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод, ПОЗС Македонски Брод. | Кога има поплави од поголем обем | ЈП, ТД, установи и служби, МВР | | |
| 4 | Изработка на сите видови на појачувања на заштитните водостопански објекти | Службите за урбанизам и комунални работи на Општина Македонски Брод | Кога има поплави од поголем обем | ПОЗС Македонски Брод, Градежните субјекти ,МВР | | |
| | Депонирање на вреќи со песок,чакал и | Службите за урбанизам и | Кога има поплави од | ПОЗС Македонски | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | камења на критичните места | комунални работи на Општина Македонски Брод | поголем обем | Брод,Градежните субјекти,МВР | | |
| 6 | Регулирање на користењето на мостовите, а по потреба и забрана на сообрајќајот | МВР и Службите за урбанизам и комунални работи на ОпштинаМакедонски Брод | Кога има поплави од поголем обем | ПОЗС Македонски Брод,ЈП Македонија Пат Секција Битола,пункт Македонски Брод | | |
| **7** | Црпење на вода од загрозените објекти и отстранување на препреките во речните корита и канали(паднати стебла,гранки и сл.) посебно на мостовите и пропустите каде е попречен текот на надојдените води | ЈП Водовод и канализација Македонски Брод, ТППЕ ,ПОЗС Македонски Брод , ЈП Македонски шуми ПШС,,Сандански,, Македонски Брод, | Кога има поплави од поголем обем | Службите за урбанизам и комунални работи на Општина Македонски Брод ,Градежните субјекти и др. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Згрижување на луѓето и отстранување и санирање на последиците по објектите и другите материјални добра. | ПОЗС Македонски Брод, Општина Македонски Брод и , ЈП,ТД, установи и служби | За време на поплавите и по нив | МВР, градежни служби и др. | | |

**Прилог бр. 5**

**Преглед на ЕЛС-Општините и одговорните лица за ЗиС и други Државни органи,ЈП,хуманитарни организации и др;**

| Ред Бр. | Назив на ЕЛС и другите државни органи и хуманитарни организации. | Име и презиме на Градоначалникот или на раководното и одговорно лице. | Телефон | Мобилен Телефон | Одговорно лице за ЗиС | Телефони Фиксен или мобилен |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| 1. | Општина - Македонски Брод | Милосим Војнески | 045-274-810 | 071-223-699 | Југе Волчески<br>Љубе Батанџиоски | 070-259-392<br>078-215-057 |
| 2. | ПОЗС Македонски Брод | Горан Танаскоски | 045-275-516 | 075-457-566 | Горан Танаскоски<br>Јован Стојаноски | 075-457-566<br>071-221-605 |
| 3. | МЗШВ-ПО-Македонски Брод | Добре Смилески | 045-274-770 | 076-456-693 | | |
| 4. | Општински комитет на Црвениот крст Македонски Брод | Ѓуро Србиноски | | 078-806-046 | | |
| 5. | ЈП Водовод и канализација Македонски Брод | Филип Стојкоски | 045-274-755 | 078-275-110 | Жарко Ставрески | 078-275-109 |
| 6. | ЈП Водовод и канализација Пласница | Сафиудин Шемоски | | 072-628-683 | | |
| 7. | РЦУК Македонски Брод | Миле Стојкоски | 045-274-124 | 075-317-726 | оперативен бр. | 195 |

**Прилог бр.6**

**Преглед на подрачја потенцијално загрозени од поплави и сили кои ќе учествуваат во ЗиС**

| Реони каде реките можат да се излеваат и да извршат поплавување на земјиште и објекти | Општините и другите субјекти кои ќе учествуваат во заштитата од поплави | Сили кои ќе учествуваат во заштитата од поплави | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Населбите околу пазариштето и БП Макпетрол од надојдените води на р.Треска<br>Мостот на р.Треска на влезот во Македонски Брод и мостот кај Градскиот стадион во Македонски Брод<br>Прочистителна станица во Македонски Брод<br>Мостот и околните објекти покрај течението на р.Сланштица<br>Земјоделските површини што се наоѓаат по течението на р.Треска околу градскиот стадион во Македонски Брод, м.в.Должина, и понатаму во атар на с.Девич, с.Драговдол, с.Манастирец, населба Лагот, с.Модриште<br>Рибниците (објекти) во с.Белица по течението на Беличка река<br>Земјоделските површини по течението на р.Мала Река | Општина Македонски Брод<br>ЈП Водовод и канализација Македонски Брод , | Во заштитата и спасувањето ќе учествуват и други сили , односно просторни сили на други надлежни субјекти од Подрачјето Македонски Брод.<br>За ова намена ќе се користат и Подрачните сили за заштита и спасување од поплави во ПШЗС Македонски Брод | Претпријатијата ќе се вклучат во заштитата и спасувањето од поплави со својата механизација и друг вид на опрема со која располагат, првенствено оние кои имаат склучено договори со Општина Македонски Брод, а по потреба и други претпријатија и ќе се упати барање за помош од Дирекција за заштита и спасување – Подрачно одделение Македонски Брод |

**Прилог.бр.7**

**Редослед на активностите што ќе се превземаат**

| Пред да настанат поплавите | За време на опасноста од поплави | Додека трае опасноста од поплави | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Имајќи ја во предвид хидролошката карта на Македонски Брод и пошироката околина опасности од поплави од големи размери не се очекуваат,меѓутоа потребно е при хидрометеорлошка прогноза за доаѓање на обилни врнежи да се преземат мерки за одржување на водата во своите корита , затоа во градот Македонски Брод треба да се изгради атмосферска канализација со поголема пропусна моќ , навремено чистење на шахтите и одводните канали , целосно регулирање на суводолиците.<br>Во селските населби прочистување на речните корита, изградба на насипи на критичните места .<br>Забрана на изградба на било какви станбени или стопански објекти во близината на речните корита . | Во случај кога хидрометеролошката прогноза предвидува обилни врнежи и нагло топење на снег Општина Македонски Брод ќе врши припреми за намалување на опасностите од поплави ( чистење на клучните места каде постојано се јавуват поплави ).<br>Во приградските и селските населби расчистување на атмосферска канализација, одводните канали , јазови , бразди и др . | Во случај на поплави кои според нашата прогноза ќе бидат од помали размери, а хидрометерологите прогнозират зголемување на нивото на водите задолжените субјекти ќе ги преземат следните активности :<br><br>- Испумпување на водите од подрумските и приземните простории присилно прокопување на нови канали за одводнување на водата , изградба на насипи од помал обем ( ставање на вреќи со песок и др ). | - Задолжените субјекти се вкучуваат во овие активности со својата механизација , пумпи за вода и др .<br>- За сите настани месното население се известува преку Регионалниот центар за справување со кризи и локалните радио и ТВ станици .<br>Сите податоци во врска со поплавите да се прибираат , обработуваат и доставуваат до ПОЗС Македонски Брод. |

**Прилог бр . 8**

**Преглед на подготвување на активностите и мерките за спроведување на заштитата и спасувањето од поплави.**

| Активности | Реализатор | Време | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1.Пополнување на силите за заштита и спасување со воени обрзници . | Општина Македонски Брод | Пред појава на опасноста . | |
| 2. Едукација , обука ,тренинг и вежби на распоредените обврзници за заштита и спасување . | Општина Македонски Брод,<br>ДЗС | Според посебен план од ДЗС. | |
| 3. Обезбедување на материјални ресурси за потребите за заштита и спасување од поплави . | Општина Македонски Брод | | Бара МТС од ДЗС и други иматели од подрачјето |
| 4.Се врши проверка и одржувањето на обезбедените материјални ресурси . | Обврзниците распоредени во единиците за заштита и спасување од единицата која ги има на располагање МТС- Општина Македонски Брод | | |
| 5.Склучување на потребни договори со имателите на МТС. | Општина Македонски Брод | | |

**Прилог бр.9**

**П Р Е Г Л Е Д**

**На Претпријатијата-иматели на градежна механизација**

| Ред бр | Назив на претпријатието | Име и презиме на раководителот | Тел .фиксен и факс | Мобилен телефон | Булдожер | Утоварачи | Багер-ровокопач | Грејдери | Чистачиизаснег | Подвижни дигалки | Вилушкари | грајфери | Камиони кипери | Влечен воз | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈП Водовод и канализација Македонски Брод | Филип Стојкоски | 045-274-755 | 078-275-110 | | | 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | |

Составен дел на овој План се и работни карти.

IV. **Завршна одредба**

Овој План влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200 / 10**

**28.02. 2014год.**

**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**ДАРКО ТРАЈКОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на висината на наплата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружни објекти**

Се објавува **Одлуката за утврдување на висината на наплата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружни објекти,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година.

**Бр.08 – 200 / 14**
**05.03.2014 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 22, став 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 5 од Законот за гробишта и погребални услуги („Сл. весник на РМ“ бр.86/08,156/10,53/11 и 163/13) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 28 Февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на наплата на надоместокот за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружни објекти**

**Член 1**

Се утврдува висината на наплата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти за операторот за погребални услуги и на каменорезачите.

| Ред.бр | Опис на услугата | Единечна мерка | Единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Влез на оператор на погребални услуги во гробиштаста | Погреб 1 | 1.000,00 МКД |
| 2 | каменорезач | Споменик 1 | 2.500,00 МКД |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07 – 200/11**
**28. 02. 2014 год.**
**Македонски Брод**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Македонски Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок по однос на предлог-одлуката на Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ - М.Брод за утврдување на висината на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти бр.02-34/5 од 28.01.2014година. За членот 1 од оваа одлука Советот не дава согласност додека за чл.2 дава Согласност со одредени измени во поглед на висината на надоместокот. Со овој заклучок да се запознае и ЈП „Водовод и канализација“ заради понатамошно постапување.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 200 / 11**
**28.2.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 126 став 1,алинеја 2 од Законот за основното образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11,6/12.100/12 и 24/13), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 февруари 2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на измената и дополната на Програма за работа за 2013/14 година на ООУ„Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод ја усвои измената и дополната на Програма за работа за 2013/14 година на ООУ „Свети Климент Охридски“ Македонски Брод.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 200/ 12 — Совет на општина Македонски Брод

28. 02 .2014 година — Претседател,

Македонски Брод — Дарко Трајкоски с.р.

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за објавување на Завршна сметка на Општина Македонски Брод за 2013 година ........................................................................................................ стр. 2

Заклучок за усвојување на Годишната завршна сметка за 2013 година на Општина Македонски Брод ............................................................................... стр. 3

Завршна сметка на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2013 година ............................................................................................................................ стр. 4

Заклучок за усвојување на финансиски извештај на Општина Македонски Брод за 2013 година .......................................................................................................... стр. 6

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за користење на средствата од резервите за 2013 година на Општина Македонски Брод ......................................... стр. 7

Заклучок за објавување на Одлуката за донесување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Македонски Брод од сите ризици и опасности ............ стр. 8

Одлука за донесување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Македонски Брод од сите ризици и опасности .......................................................... стр. 9

Заклучок за објавување на Одлуката за изработка на Урбанистички план вон населено место „Селиште“ м.в.„Голема Плешка“ за КО Тажево ........................... стр. 10

Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место „Селиште“ м.в.„Голема Плешка“ за КО Тажево ........................................................................ стр. 11

Заклучок за објавување на Одлуката за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската Инвестициона Банка и Република Македонија ......................................................................... стр. 12

Одлука за одредување на приоритетни проекти за реализација во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно Договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Европската Инвестициона Банка и Република Македонија ............................................................................................................................ стр. 13

Заклучок за усвојување на финансов план на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод за 2014 година ............................................................................ стр. 15

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод за 2013 година .................................................. стр. 16

Заклучок за објавување на Одлуката за превземање на сите водоводи од селските населби на територијата на Општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод ....................................................... стр. 17

Одлука за превземање на сите водоводи од селските населби на територијата на Општина Македонски Брод под ингеренции на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод ........................................................................................... стр. 18

Заклучок за објавување на Планот за заштита и спасување од поплави на територијата на Општина Македонски Брод ......................................................... стр. 19

План за заштита и спасување од поплави на територијата на Општина Македонски Брод ........................................................................................... стр. 20

Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на висината на наплата на надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти ............................................................................... стр. 45

Одлука за утврдување на висината на наплата на надоместокот за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружни објекти .. стр. 46

Заклучок ............................................................................................ стр. 47

Заклучок за усвојување на измената и дополната на Програма за работа за 2013/2014 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод .............. стр. 48